20232774871

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 188/23), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2023 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018, 44/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр. 198/2019, 63/2020, 202/2020, 303/2020, 217/2021, 276/2022 и 179/2023), по членот 58 се додава нов член 58-а којшто гласи:

„Член 58-а

Избраниот лекар од општа медицина и гинекологија и лекарот специјалист/субспецијалист во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, со специјалистички упат може да го упати осигуреното лице во дијагностичка лабораторија за следните здравствени услуги: трансфузија, хемостаза, микробилошки бактериолошки анализи, микробиолошки миколошки анализи, микробиолошки паразитолошки анализи, цитогенетски и андролошки анализи, имунолошки анализи за алергени и други лабораториски здравствени услуги предвидени во националните упатства и протоколи за работа на избраните лекари.

Избраниот лекар гинеколог со специјалистички упат може да го упати осигуреното лице во дијагностичка лабораторија, покрај за здравствените услуги наведени во ставот 1 на овој член, и за: молекуларни анализи за детекција и генотипизација на HPV.

Лекарот специјалист/субспецијалист во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита со специјалистички упат може да го упати осигуреното лице во дијагностичка лабораторија, покрај за здравствените услуги наведени во ставот 1 на овој член, и за: серолошки анализи за инфективни причинители, патологија, судска медицина, патохистологија, молекуларни анализи за инфективни причинители, нуклеарна медицина, имунологија и фармакологија.

Лекарот специјалист/субспецијалист од универзитетските клиники со специјалистички упат може да го упати осигуреното лице, покрај за здравствените услуги наведени во ставовите 1 и 2 на овој член, и за здравствените услуги од молекулска медицина, хумана генетика и други услуги од специјалистичка дијагностичка лабораторија.“

Член 2

Во членот 59 се додава нов став 9, којшто гласи:

„По исклучок, резултатите од биохемиските лабораториски испитувања за упатите ЛУ1 во јавните здравствени установи се издаваат и од друг лекар специјалист.“

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се објавува по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-23570/7
19 декември 2023 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Fadil Cana, с.р.